**CROATIA®**
**осигурување/живот**

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Кроациа Осигурување – Живот се стреми кон остварување на висок степен на задоволство кај своите осигуреници во секој сегмент од работењето;

Кроациа Осигурување – Живот им нуди сигурност и ги почитува правата на осигурениците и нивните најблиски;

Кроациа Осигурување – Живот се стреми кон продолжување на својата позиција на лидер на осигурителниот пазар со квалитетот на производите кои ги нуди, со непрекинато подобрување на постојните и развој на нови производи и услуги;

Врвното Раководството на Кроациа Осигурување – Живот обезбедува **мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели.**

Кроациа Осигурување – Живот се стреми кон развивање и имплементација на системски и процесен пристап во работењето, со цел испорака на високо квалитетни услуги во делот на животно осигурување;

Кроациа Осигурување – Живот извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано унапредување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите;

Кроациа Осигурување – Живот се стреми навремено да ги **идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување** на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет

Кроациа Осигурување – Живот обезбедува вршење на работите за осигурување на живот согласно законските прописи во Р.Македонија и внатрешните прописи на Друштвото со кои се регулира работењето.

Кроациа Осигурување – Живот постојано го подобрува работењето преку воведување на технолошки иновации, развој на знаење, вештини и висок квалитет на сите понудени програми за осигурување;

Кроациа Осигурување – Живот се стреми да одржува тим од високо-**квалификувани и мотивирани вработени**, кои се свесни за важноста на своите дејствија во однос на задоволувањето на барањата на осигурениците, при што се остварува **непречена, навремена и точна комуникација и соодветна дистрибуција на знаење.**

Кроациа Осигурување – Живот го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на **меѓународниот стандард ISO 9001:2015**.

Врвното раководство на Кроациа Осигурување – Живот периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.

Ревизија 03 /22.08.2016

**Вилма Учета Дузлевска**
**Генерален Директор**